# „Плашете се од Аллах, вашиот Господар! Клањајте ги петте намази, постете го вашиот месец, давајте зекат од имотот и слушајте ги вашите претпоставени, ќе влезете во Џенетот на вашиот Господар.“

Од Ебу Умамете, радијаллаху анху, се пренесува дека рекол: Го слушнав Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, на прошталниот аџилак како вели: „Плашете се од Аллах, вашиот Господар! Клањајте ги петте намази, постете го вашиот месец, давајте зекат од имотот и слушајте ги вашите претпоставени, ќе влезете во Џенетот на вашиот Господар.“
[صحيح] [رواه الترمذي وأحمد]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, одржа хутба на денот на Арафат за време на прошталниот аџилак, во десеттата година според хиџра. А така е наречен, затоа што Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, за време на истиот се прости од луѓето. Тој им нареди на сите луѓе да се плашат од Господарот, извршувајќи го она што им е наредено и држејќи се подалеку од она што им е забрането. Им нареди и да ги клањаат петте намази кои Возвишениот Аллах им ги заповедал во текот на денот и ноќта. И да го постат месецот рамазан. И да го дадат зекатот на имот, на оној кој го заслужува, и да не бидат скржави. Да им се потчинат на оние кои Аллах ги одредил за владетели, освен ако е грев кон Аллах. Кој ќе ги направи овие спомнати работи, неговата награда ќе биде влез во Џенетот.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3520

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee